NOVA KABEL

МОБИ СЕРВИС ДООЕЛ ПРИЛЕП
ул. Илинденска бр.47
7500 Прилеп, Македонија
ЕДБ: 4021009589358
тел: 070 882 751
078 308 130

- во случај на стечај, ликвидација, или неликвидност на Претплатникот, доколку правото за користење на услугата ке е пренесено на друго лице во рок определен од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на Претплатникот за цел спротивна на ЗЕК, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- доколку МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од 6 месеци.

Во случај на раскинување на Претплатничкиот договор од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, сите финансиски обврски на Претплатникот кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП стасуваат веднаш.

Во случај на раскинување на Претплатничкиот договор поради задоцнето плаќање, Претплатникот не може да склучи нов Претплатнички договор пред целосно да ги подмири своите финансиски обврски кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП. Доколку овој Договор се раскине пред истекот на времето утврдено во Анексот кон Договорот, сметајќи од денот на склучувањето, Претплатникот е должен да го плати наменетиот пенал за предвремено раскинување на овој Договор, согласно официјалниот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП и Анексите кон Договорот и веднаш да ја врати инсталираната терминална/комуникациска опрема во сопственост на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, во исправна состојба.

Доколку Претплатникот не ги плаќа редовно и во определен рок доспеаните месечни надоместоци, Операторот ќе го раскине овој Договор без писмено предупредување на Претплатникот и ќе го оневозможи користењето на електронските комуникациски услуги, дефинирани во Анексот.

## ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

**Член 11**

Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во врска со пристапот до услугите или обезбедување на истите.

Приговорот се доставува во писмена форма до службата за грижа за корисници на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Приговорот се доставува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, сè до донесувањето на конечна одлука, Претплатникот е должен да плати износ во определениот рок.

Во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП ќе го разгледа приговорот и писмено ќе го извести Претплатникот со детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатства за правото на Претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации. Кон известувањето, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП по потреба ќе достави и соодветни докази.

Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот, има право во рок од 15 дена од приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации.

Доколку МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не постапи по приговорот во рокот утврден во овој Договор и Општите услови, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

## ВИША СИЛА

**Член 12**

Користењето на услугите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП може да биде прекинато и поради дејство на виша сила. Под виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорените страни, чие настанување не можело да се спречи или предвиди и поради кое исполнувањето на обврските станало отежнато или невозможно (природни или општествени настани, акти на јавната власт).

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила. При невреме (грмотевици) се препорачува приклучокот на јавната комуникациска мрежа да биде исклучен од апаратите на Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не сноси никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги, предизвикани од настан на виша сила.

## ДЕЛИВОСТ

**Член 13**

Невалидноста или неприменливоста поради некоја причина на некој дел од овој Договор не влијае врз валидноста или применливоста на остатокот од Договорот.

Доколку престане да важи некој дел од Договорот поради престанок на користење на одредена услуга, а се продолжи

со користење на останатите, Договорот продолжува правно да важи во однос на останатите услуги кои ги користи Претплатникот.

Известувањето за престанок на важење на дел од Договорот се врши исклучиво во писмена форма.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Како составен дел од овој Договор се сметаат Барањето за засновање претплатнички однос, Општите услови за засновање претплатнички однос, сите Анекси кон Претплатничкиот договор и електронските записи од евиденцијата на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП за активирање или деактивирање на комуникациските основни и/или дополнителни услуги.

Во Анексот кон Договорот се дефинира видот, карактеристиките и цените на избраните услуги.

За секое понатамошно менување на избраниот тарифен модел/пакет од страна на Претплатникот, се склучува Анекс кон овој Договор. Како составен дел на овој Договор ќе се смета и Барањето за промена на тарифен модел/пакет.

**Член 15**

Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој Договор ќе се решаваат спогодбено.

Доколку настанатиот спор не може да се реши спогодбено, за истиот ќе решава Основниот суд во Прилеп.

**Член 16**

Договорот стапува во сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**Член 17**

Овој Договор е составен во 2(два) идентични примероци, по 1(еден) за секоја од договорните страни.

| Претплатник | М.П. | МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП |
|---|---|---|
| ____________________ | | ____________________ |

Друштво за услуги, трговија и производство увоз-извоз МОБИ СЕРВИС ДООЕЛ Прилеп